АФПЗРР-СОП-ФО-11

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

Мај 2025

## ВОВЕД

Упатството има за цел да ги запознае заинтересираните субјекти од областа на рибарството и аквакултурата со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, вклучувајчи го и појаснувањето на процесот на одобрување на барањата и потребните документи кои треба да се достават.

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година претставува збир на мерки за спроведување на политиката во рибарството аквакултурата. Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2025 година е изработена согласно Законот за рибарство и аквакултура ("Сл.весник на Р.С.М." бр.64/2024). Програмата содржи мерки за инвестиции во рибарството, мерки за инвестиции во аквакултурата и во преработката на риби и производи од риби, за техничка помош, за пилот проекти и мерки за развој на нови пазари и промотивни кампањи и се стреми кон зголемување на конкурентноста и модернизација на производството на риба, како квалитетна и безбедна храна, стопанисување со рибите преку оддржлив развој, заштита на природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија. Програмата ги почитува барањата на современата политика во рибарството на Европската Унија во поглед на зачувување на животната средина и одржување на пределите, зачувување на биодиверзитетот, креирање на нови извори на приход на руралната популација, примена на нови технологии за производство на квалитетни и прифатливи производи од потрошувачите и производство на традиционални производи.

### Што се финансира со мерките од Програмата?

Мерките се насочени кон финансирање на капитални инвестиции и финансирање на оперативни и материјални трошоци. Во одредени случаи се финансираат и трошоците за изработка на градежни проекти. Финансиската поддршка се однесува исклучиво на инвестиции кои се наведени како прифатливи инвестиции во рамки на секоја потточка одделно.

### Што нема да се финансира со мерките од Програмата?

Со мерките од Програмата за финанссиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година нема да се финансираат јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, осигурителни премии и надомест за социјално здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

### Исплата на средства?

Исплатата на средствата за мерките дефинирани во оваа Програма ја врши Агенцијата, преку Секторот за одобрување на исплата, во висина на вредност на прифатливи трошоци со исклучок на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

## ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година се врши врз основа на одобрено барање за користење средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција, по потточки. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка склучен со Агенцијата. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

За Мерка 2.1 Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на реализирани и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци. Ставката на ко-финансирање се зголемува во одредени случаи, и изнесува:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско-рурално подрачје.

За Мерка 2.3, финансиката поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина на 50% од вредноста на одобрените/прифатливи трошоци за инвестиции.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

## ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ

- **Принцип на единечно финансирање** - Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република С.

Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.

- **Принцип на грант** - Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република С. Македонија.
- **Принцип на видливост** - Корисникот е должен во рок од 5 години да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата.

## МЕРКИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

### Мерка 2 - Финансиска поддршка во аквакултурата

Средствата од потточка 2.1 – Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата, ќе се користат за следните намени:

- изградба на нови капацитети за аквакултура
- проширување, реконструкција адаптација и модернизација на постоечките капацитети за аквакултура

Средствата од потточка 2.3 – Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети, ќе се користат за следните намени:

- Изградба на нови капацитети за преработка на рибите
- Набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите

## ПОСТАПКА ПРЕД ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

## МЕРКА 2 – ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО АКВАКУЛТУРАТА

### Потточка 2.1 Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата

- Средствата од оваа потточка се наменети за инвестиции за изградба на нови капацитети за аквакултура, како и за проширување, реконострукција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура и тоа:

<u>ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ</u>

- ■ интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување/или подигнување нови капацитети за аквакултура, не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект:
- ■ набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и/или подигнување на нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалишта и гоилишта;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за инкубациска сала и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на кафези за кафезно одгледување на риба;
- набавка на платно за мрежи, набавка на мрежи за кафези и изработка на мрежи за кафезно одгледување;
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање на риба во рибници;
- набавка на опрема за складирање на риба во свежа состојба односно опрема за замрзнување на рибите опремено со систем за испуштање на јаглерод диоксид или течен азот или фрижидери;
- набавка на ледомати;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на свежа риба;
- набавка на опрема за автоматско или полу автоматско сортирање на риба;
- набавка на опрема наменета за заштита на производството во аквакултура од штетници (видра, корморан, мечка)
- апарати за додавање на течен кислород во водата;
- товарно возило со кабина и отворен товарен простор со носивост до 3000 кг;
- товарно моторно возило за транспорт на жива риба со носивост до 10 000кг;
- цистерна до 2 тони вода, опрема за додавање на кислород во гасна состојба или течен кислород-распрскувачи, манометри, челични боци за складирање на кислородот или (специјализирано комплетно опремено возило за транспорт на жива риба);
- специјализарни товарни возила опремени со систем за ладење наменети за транспорт на свежа риба и носивост до 3000кг;
- пловен објект (чамец) со максимална должина до 6 метри и ширина до 2.5 м, со јачина на мотор до 9 kw;
- набавка на опрема за пратење на хемиските карактеристики на водата (присуство на растворен кислород, јаглерод диоксид, амонијак, сулфурдиоксид, pH и др.);
- набавка и монтажа на градежни материјали и опрема за производство на обновливи извори на енергија
- набавка на агрегат за струја до 50 kw и
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

Потточка 2.3 – **Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети**

- Средствата од оваа потточка кои се наменети за инвестиции на нови капацитети за преработка на рибите се следни:

<u>ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ</u>

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување нови преработувачки капацитети не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

- Средствата од оваа потточка кои се наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на риба, се следни:

ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- прием и чистење на рибата;
- обескостување и филетирање;
- димење (топло и/или ладно) на рибата;
- пакување и вакумирање на риба;
- опрема за ладење и одржување на полуготовиот и готовиот производ и
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема, вклучително и софтвер.

| *Мерка 2* | *Финансиска поддршка во аквакултурата* | *Средства* | *Максимална вредност на прифатливи/одобрени трошоци* |
|---|---|---|---|
| Потточка 2.1 | -Изградба на нови капацитети за аквакултура | 13.000.000,00 денари | 720.000,00 денари кофинансирана сума по поединечен корисник |
| | -Проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура | | |
| 2.3 | - Изградба на нови капацитети за преработка на рибите | 3.000.000,00 денари | 1.500.000,00 денари кофинансирана сума по поединечен корисник |
| | -Набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите | | |

Корисници

Корисници на средства од потточка 2.1 наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура; или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура.

Корисници на средства за потточка 2.1 наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се субјекти кои

се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Корисници на средства за потточка 2.3 наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите може да бидат субјекти кои се во рангот на микро, мали или средни претпријатија кои се регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планират да изградат преработувачки капацитет.

Корисници на средства за потточка 2.3 наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите можат да бидат субјекти кои се во рангот на микро, мали или средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби .

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ

Агенцијата ќе склучи договори во рамките на расположливите средства за секоја потточка со барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка. Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, **Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.**

Барателите на средства кои користеле средства од Програмата за финснсиска поддршка во рибарството и аквакултурата по мерка 2.1 за една намена во една од претходните 5 години, не можат да бидат корисници на финансиска поддршка за инвестиции од 2.1 за иста намена.

Барателите не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на договор за ко-финансирање со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

1. Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година - ПРА – А1 (АФПЗРР-СОП-ФО-14);
2. Основен проект за градба од официјален архитект со овластување издадено од Комора на овластени архитекти (доколку се работи за инвестиција која вклучува конструкција или реконструкција на објекти);
3. Извештај за ревидирана проектна документација за градба од официјален архитект/инженер за ревизија со овластување издадено од Комора на овластени архитекти (доколку се работи за инвестиција која вклучува конструкција или реконструкција на објекти);
4. Детален предмер/пресметка за бараната инвестиција со рекапитулар за да се утврди проценетата вредност на инвестиција (доколку се работи за инвестиција која вклучува конструкција или реконструкција на објекти);
5. Договор за услуги за изработка на проект и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата - од овластен архитект или инженер. Проектот не смее да биде постар од 01.01.2023 година за трошокот да се смета за прифатлив;

6. Важечко Одобрение за градење од Единица за локална самоуправа (доколку се работи за инвестиција која вклучува конструкција или реконструкција на објекти - со исклучок на платформи кафези);
7. Решение за оценка на влијанието врз животната средина од Министерство за животна средина- копија:
8. Понуда или профактура со детална спецификација за инвестиции до 10.000 евра или Три понуди или профактури со детална спецификација за инвестиции над 10.000 евра кои ќе бидат споредливи помеѓу себе по ставки, количина и капацитет и посебно изразено ДДВ. Понудите да не се постари од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик (доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, барателот е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации),
9. Решение за запишување во регистарот на одгледувачи на риби или Ивод од регистар на одгледувачи на риби односно Решение за запишување во регистар на вршители на аквакултура издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (само за постоечки капацитети за аквакултура).
10. Дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за акваклутура (за нови капацитети ) – копија,
11. Доказ за поседување или располагање со земјиште

- Имотен или поседовен лист за земјиште - издаден од Агенција за катастар на недвижности на Р.С.Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик,
- Важечки договор за закуп на земјиште заверен на нотар и прилог имотен или поседовен лист за земјиште на име на закуподавачот издаден од Агенција за катастар на недвижности на Р.С. Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик,

12. Доказ за поседување или располагање со недвижен имот:

- Имотен или поседовен лист- издаден од Агенција за катастар на недвижности на Р.С. Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик,
- Важечки договор за закуп заверен на нотар и прилог имотен или поседовен лист за објектот на име на закуподавачот издаден од Агенција за катастар на недвижности на Р.С. Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик,
- Важечки договор за предавање на правото на користење - копија;

13. Водостопанска согласност за користење на вода (само за нови капацитети ) – копија;
14. Решение за исполнување на услови за вршење на соодветна дејност- копија - издадена Агенција за храна и ветеринарство на Р.М ( само за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на риби);

**Барателот е должен да ги достави сите потребни документи во зависност од конкретната инвестиција или група на инвестиции.**

НАПОМЕНА

Вкупна вредност на исплатени финансиски средства за потточка 2.1 не може да го надмине износот од 720.000,00 денари, за прифатени инвестиции од 1.200.000,00 денари, независно од вкупната вредност на инвестицијата.

Вкупна вредност на исплатени финансиски средства за потточка 2.3 не може да го надмине износот од 1.500.000,00 денари, за прифатени инвестиции од 3.000.000,00 денари, независно од вкупната вредност на инвестицијата.

Доколку исплатената вредност на инвестицијата од потточката 2.1 ја надминува вредноста од 1.200.000 денари, барателот е должен точно да го наведе делот за кој се бара финансиката поддршка, а истата по одобрување од страна на Агенцијата да ја реализира во целост се со цел делот за кои е барана финансиската поддршка биде ко-финансиран од страна на Агенцијата.

Агенцијата ќе склучи договори во рамките на расположливите средства за секоја потточка со барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка. Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, **Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.**

ПОСТАПКА ПО ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Откако ќе биде завршена инвестицијата корисникот треба да достави барање за исплата и останата документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е завршена. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот потребно е да се оригинал или копии заверени на нотар (со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава).

Барање за исплата е унифициран образец кој корисници ќе го добијат при потпишување на договорот, за потточките 2.1. и 2.3 Исто така барањата за исплата се наоѓаат и на веб страната на Агенцијата www.iparpdpa.gov.mk од каде можат да се превземат.

Барањата за исплата се доставуваат до Агенцијата согласно временскиот рок определен во Договорот. Корисникот е обврзан своерачно или електронски да го пополни соодветното барањето за исплата и ги достави потребните документи до Агенцијата, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи после завршување на постапката за одобрување на исплата Агенцијата ги враќа истите заедно со донесеното решение до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се достават после рокот, барањето ќе биде одбиено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

Доколку се настанати промени во барањето за исплата т.е се набават активности кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата, треба да се има во предвид дека сите активности настанати пред потпишување на договорот (освен трошоците направени за интелектуални услуги) нема да се дел од финансиската поддршка. Сите активности обавени пред потпишување на договорот нема да бидат предмет на ко-финансирање. Исто така, сите обавени и исплатени активности после рокот за реализација на инвестицијата нема да бидат предмет на финансиска поддршка.

По административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат фактичката реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

По извршената контрола, доколку се констатира дека реализацијата на инвестициајта е во целост и во согласност со договорот, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата или одобрување на намалена вредност за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, Агенцијата донесува решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, Агенцијата донесува решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена, притоа може да приложи жалба во управна постапка до Управен суд согласно законските предвидени постапки.

Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години после извршената исплата со цел да се констатира оддржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно договорот.

## ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ

1. Барателот поднесува едно уредно и комплетно пополнето барање
2. Барателот ја доставува документација во затворен плик, преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул. бул„3-та Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак Блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 8:30 до 14:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката / потточката за која аплицира.

3. Барателот ја доставува дополнителната документација во затворен плик. преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул. бул„3-та Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак Блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 9:00 до 14:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" дополна за архивски број.
4. Доколку инвестицијата вклучува градба за која согласно Законот за градба е потребно да се достави одобрение за градба од надлежен орган заедно со техничката документација врз основа на која е издадено одобрението за градба.
5. Доколку понудите/про-фактурите кои се доставени во прилог на проектот се од странство, потребно е истите да бидат преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач.
6. Доколку вкупната вредност на инвестицијата ја надминува вредноста од 1.200.000 денари, барателот е должен истата да ја реализира во целост.
7. Исплатата на средства од оваа Програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на претходно одобрени барања со склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој и одобрени барања за исплата.
8. Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата во висина на вредност на прифатливи трошоци согласно оваа Програма со исклучок на вредноста на јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.
9. Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа Програма во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата.
10. Доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во профактурата/понудата, или доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во профактурата/понудата се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, Агенцијата како важечка сума за ко-финаисрање ке ја земе пониската вредност.
11. Доколку корисникот на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година поднесе барање за измена и дополнување на Договорот во случаи наведени во Договорот (прилог 1 на ова упатство), истиот е должен да достави барање за измена и дополнување на Договорот;
12. Доколку барателот или корисникот на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година ја промени адреста за коресподенција, истиот е должен да ја извести Агенцијата.
13. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно не бара финансиска поддршка од Агенцијата, пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести Агенцијата
14. Опремата која ќе биде предмет на договорот треба да биде нова опрема (нова опрема е опрема која е произведена не порано од 2018 година, 2 години од датум наведен во фактурата, кој мора да биде втиснат на опремата).
15. Почеток на реализација на инвестициите е по потпишување на договорот.
16. Барателот јасно да го назначува бројот на одбраната понуда или про-фактура.

17. За рурално подрачје во рамките на оваа програма се смета населено место согласно списокот на рурални подрачја во Р. С. Македонија. Ридско-планинско рурално подрачје се смета рурално подрачје, со надморска височина над 700 м.
18. Пред поднесувањето на барањето барателот е должен да ги има подмирено финансиските обврски по основ на:
    - склучен договор за користење на земјоделско земјиште во државна сопственост, доколку користи земјоделско земјиште во државна сопственост;
    - склучените договори по Програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија и проектите кои произлегуваат од истата (2КР)
    - Подмирени финансиски обврски по основ на склучен договор за користење на пасишта во државна сопственост, доколку користи пасишта во државна сопственост
19. Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација.

Образецот-Барање за користење на средства заедно со листата на потребни документи кои се доставува во прилог на барањето се достапни на веб страната на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk, и во архивата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. За подетално информирање на потенцијалните баратели на финансиска поддршка изготвено е Упатство за корисници за сите мерки кое исто така може да се подигне на горе споменатите места.

НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на овој оглас важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти.

Телефон 02 3097 450, секој работен ден од 08.00 до 14.00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

ПРИЛОЗИ

ПРИЛОГ 1 - МОДЕЛ НА ДОГОВОР

Врз основа на член 12 став 1 точка 13, а во врска со член 6 став 1 точка 4 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој развој („Службен весник“ на Република Македонија број 72/07, 05/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18) и („Службен весник“ на Република Северна Македонија број 190/19), Јавниот оглас бр. __________ објавен на __________ за поднесување на барања за финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година ("Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 27/2025), Решение бр. ___________ издадено од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

1. Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, како давател на финансиска поддршка (во понатамошниот текст: АФПЗРР) претставувана од Директорот ______,
со седиште на "Бул. III Македонска Бригада, бр 20 (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје, и со адреса за коресподенција ___________________________________

од една страна, и

2. ___________________________ со Даночен број /Единствен матичен број доколку се работи за физичко лице, како страна на која и е одобрена финансиска поддршка (во понатамошниот текст: Корисник), претставуван од управителот ________________ со единствен матичен број ____________________,

седиште и адреса:

место на инвестицијата предмет на овој договор:

од друга страна, го склучија следниот:

ДОГОВОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Бр: _______________

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**Предмет на Договорот**

(1) Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со исплатата и користењето на финансиската поддршка од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, одобрена со Решение бр. ___________ од _____________.

(2) Финансиската поддршка ќе се користи согласно со: Мерка 2.1 и 2.3
Група инвестиции ___________________________________________

(3) Целокупната инвестиција детално по опрема, количина, активности, цена и ко-финансирана сума е наведена во Прилог 2 кој е составен дел на овој договор.

Член 2

**Договорен износ**

(1) Вкупна одобрена вредност на инвестицијата е до _______________________ МКД (со зборови _________).

(2) Финансиската поддршка согласно Решението бр. ___ изнесува до__________________ МКД (со зборови ____________________) т.е. ______% од вкупно одобрена вредност на инвестицијата.

(3) АФПЗРР ќе исплати ____% од реално направените, оправданите и прифатливите трошоци, но не повеќе од износот од став 2 на овој член и не повеќе од износот и количината за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2 на овој договор, дури и во случај реално направените трошоци да го надминуваат одобрениот износ.

# II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 3

**Права на корисникот**

(1) Корисникот има право на финансиска поддршка до износот наведен во член 2 став 2 од овој договор, односно до износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2, согласно начинот, условите и роковите утврдени во овој договор.

(2) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот најдоцна 15 дена пред истекот на рокот за реализација на инвестицијата предмет на овој договор, утврден во член 4 став 2 на овој договор.

(3) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот поради:

а) продолжување на рокот за завршување на инвестицијата предмет на овој договор (член 4, став 2);

б) промена во типот/моделот на наведените стоки или услуги кои се дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);

в) промена на дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);

(4) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот по однос на став 3 точка б) и в) од овој член само во случај на:

- престанок на производство на одредени стоки кои се дел од инвестицијата предмет на овој договор;
- промени како резултат на потребата за усогласување на инвестицијата предмет на овој договор со законодавството; и

- воведување на нови технологии кои можат да ја подобрат ефикасноста на инвестицијата.

(5) Корисникот или негов овластен претставник има право да ги наведе своите забелешки во извештајот за извршена контрола на лице место и истиот да го потпише.

Член 4

Обврски на корисникот

(1) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата со сопствени парични средства во износ наведен во Прилог 2 на овој договор.

(2) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата од член 1 и согласно Прилог 2 на овој договор во рок од _________ дена од денот на потпишувањето на овој договор.

(3) Корисникот се обврзува да го поднесе барањето за исплата по пошта или лично во АФПЗРР. Образецот на барањето за исплата, како и листата на документи кои барателот е должен да ги достави во прилог на барањето за исплата се дадени во Прилог 3 и се составен дел на овој договор.

(4) Корисникот се обврзува сите плаќања кон трети лица кои произлегуваат од спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор да ги изврши согласно рокот утврден во став (2) на овој член.

(5) Корисникот се обврзува во прилог на писменото барање за измени и дополнувања на Договорот да достави соодветни документи како доказ за исполнување на одредбите од член 3 став (2) и (3).

(6) Корисникот се обврзува на барање на АФПЗРР да доставува информации/податоци.

(7) Корисникот се обврзува веднаш да ја извести АФПЗРР доколку настанат околности кои имаат влијание врз спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор.

(8) Корисникот се обврзува да обезбеди целосен и непречен пристап на овластените ли^ на АФПЗРР до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење.

(9) Корисникот или овластен претставник се обврзува да се легитимира на барање на овластените ли^ од АФПЗРР за време на контролата на лице место.

(10) Корисникот се обврзува да не ја отуѓува, дава под закуп или заем инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.

(11) Корисникот се обврзува да не ја менува намената и целта на инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.

(12) Корисникот се обврзува да не го менува местото на инвестицијата, предмет на овој договор, освен доколку се работи за инвестиција во механизација односно приклучна механизација.

(13) Корисникот се обврзува да ги чува оригиналните документи кои се однесуваат на предметот на овој договор за целото негово времетраење.

(14) Корисникот се обврзува дека нема да користи неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор.

(15) Корисникот се обврзува во случај на исплата на повеќе средства од одобрените со решениeто за исплата донесено од АФПЗРР, веднаш да го врати износот кој преставува разлика меѓу исплатениот и одобрениот износ, а во спротивно АФПЗРР ќе пресметува казнена камата.

(16) Корисникот се обврзува да ја извести АФПЗРР за настанатите промени во личните податоци (име презиме, назив на фирма, адреса,).

(17) Корисникот се обврзува во рок од пет дена од денот на извршувањето на исплатата на видливо место да истакне налепница, доделена од страна на АФПЗРР на која е наведено дека инвестицијата е финансирана со средства од Програмата за

финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година и истата да не ја отстрани за целото времетраење на овој договор.

Член 5

Права на АФПЗРР

(1) АФПЗРР има право да врши контрола на лице место за целото времетраење на овој договор.
(2) АФПЗРР има право да бара дополнување или појаснување на барањето за исплата, како и на потребните документи во прилог на барањето во однапред утврден рок.
(3) АФПЗРР има право да бара информации, податоци и материјали потребни за следење, евалуација и контрола на лице место на инвестицијата, како и да бара слободен пристап до објектите, просториите, опремата и имотот поврзани со инвестицијата предмет на овој договор.
(4) АФПЗРР има право да го отфрли барањето за исплата ако Корисникот не го поднесе согласно рокот утврден во член 4, став 3 на овој договор односно не го дополни или појасни барањето или потребните документи во однапред утврдениот рок.
(5) АФПЗРР има право да го одбие барањето за исплата доколку Корисникот започнал со реализација на инвестицијата пред потпишувањето на овој договор, освен за трошоците за интелектуални услуги за изработка на градежен, електрификациски проект, проекти за реконструкција.
(6) АФПЗРР има право да го одбие барањето за исплата, во целост или делумно, доколку Корисникот не ја заврши инвестицијата која е предмет на овој договор согласно член 4, став (2) и (5) од овој договор, односно не ја спроведе инвестицијата согласно условите утврдени со овој договор.
(7) АФПЗРР има право на својата интернет страна да ги објави следниве податоци за Корисникот:

- име и презиме *(кога Корисник е физичко лице)* или целосен назив според регистрација *(кога Корисник е правно лице),*
- општина во која престојува или е регистриран корисникот, поштенски број и
- износот на финансиската поддршка во денари од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година.

(8) АФПЗРР има право да го одбие барањето за измени и дополнување на Договорот доколку:

- доведува до неизводливоста на инвестицијата;
- со тоа би се надминал максималниот период за реализација на инвестицијата;
- е во спротивност со националната важечка регулатива.

(9) АФПЗРР има право да бара поврат на исплатената финансиската поддршка доколку Корисникот:

а) доставил не точни податоци врз основа на кои се стекнал со финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година,
б) користел неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор,
в) ја отуѓува, дава под закуп, заем или ја менува намената и целта на инвестицијата, предмет на овој договор,
г) извршил промена на местото на инвестицијата предмет на овој договор,

д) примил повеќе средства од оние одобрени со решението за исплата, поради административна грешка на АФПЗРР,

ѓ) не обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење,

е) во други случаи утврдени согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(10) АФПЗРР има право, во случај на поврат на средства од став (8) точки а), б), в), г), ѓ) и е) на овој член, да пресмета казнена камата од денот на исплата на финансиската поддршка до денот на повратот на средствата. Во случајот од став (8) точка д) на овој член, казнената каматата ќе се пресметува по истекот на рокот за поврат на средства утврден во Решението за поврат на средства донесена од АФПЗРР.

(11) АФПЗРР има право да поведе извршна постапка во случај Корисникот да не изврши поврат на средства во рок од 15 дена од приемот на Решението за поврат на средства.

Член 6

Обврски на АФПЗРР

(1) АФПЗРР се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка доколку се исполнети условите од овој договор.

(2) АФПЗРР се обврзува да спроведе контрола на лице место преку овластени контролори кои се должни да се легитимираат пред Корисникот или овластен претставник.

(3) АФПЗРР се обврзува со личните податоци на Корисникот да постапува согласно прописите од областа на заштита на лични податоци.

Член 7

Општи трошоци

(1) Трошоците направени од страна на Корисникот во насока на реализација на инвестицијата пред потпишувањето на овој договор нема да бидат предмет на финансиската поддршка, освен трошоците кои се направени за интелектуални услуги за изработка на градежен, електрификациски проект, проект за реконструкција по 01.01.2019 година.

(2) Висината на трошоците од став (1) на овој член се пресметува врз основа на одобрениот износ за исплата.

## III. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

(1) Овој договор може да се раскине:

- со взаемна согласност на договорните страни,
- еднострано од страна на АФПЗРР доколку Корисникот не се придржува кон одредбите на овој договор, или
- еднострано од страна на Корисникот, само пред исплата на финансиската поддршка.

(2) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1 алинеја 2 на овој член, АФПЗРР веднаш ќе го извести Корисникот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 9

(1) Корисникот изјавува под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека сите податоци содржани во извештаите и документите доставени до АФПЗРР се точни и автентични.
(2) Корисникот изјавува дека не започнал со реализација на инвестицијата која е предмет на овој договор пред истиот да стапи на сила.
(3) Заради обезбедување на информации за документите кои треба да се достават во прилог на барањето за измени и дополнувања на Договорот, како и поради доставување на истите до АФПЗРР, Корисникот е согласен да се обрати до АФПЗРР на следнава

**Адреса:** Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, бул. „3-та Македонска бригада" бр.20 (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје
**Контакт телефон:** 02/ 3097-460
**Интернет адреса:** www.ipardpa.gov.mk

### Член 10

### Стапување во сила и времетраење на Договорот

(1) Со потпишување на овој договор, договорните страни ја изразуваат својата слободна волја, потврдуваат дека го прочитале и го разбрале Договорот и дека се согласуваат со правата и обврските кои произлегуваат од него како и со неговите правни последици.
(2) Овој договор ќе стапи на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе биде во сила пет години по последната исплата од страна на АФПЗРР.

### Член 11

### Прилози

Следните Прилози претставуваат составен дел на овој договор:
1. Прилог 1 - Дефиниции
2. Прилог 2 - Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги
3. Прилог 3 - Образец на барање за исплата

### Член 12

### Спорови

За споровите кои произлегуваат од овој договор надлежен ќе биде Управниот суд на Република С. Македонија.
Двосмислени или неразбирливи одредби од овој договор се толкуваат во полза на АФПЗРР.

### Член 13

### Примероци

Овој договор е склучен во четири идентични примероци, по два за секоја договорна страна.

Дата: ___________ Архивски бр._______

Директор На АФПЗРР: Корисник:

## ПРИЛОГ 1 НА ДОГОВОРОТ - ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

"Вкупна одобрена вредност на инвестицијата" се трошоците кои АФПЗРР ги одобрува како прифатливи за ко-финансирање согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година;

"Финансисика поддршка" се средствата од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година кои АФПЗРР ги ко-финансира во согласност со овој договор;

"Почеток на спроведување на инвестицијата" значи превземање на било какви обврски на сметка на одобрениот износ, потпишување на договори со трети лица за вршење на дејности предмет на овој Договор, нарачка на материјали, опрема и други слични активности, освен активности кои спаѓаат во општи трошоци.

„Реализирана инвестиција " е инвестицијата која е изградена, испорачана, платена и се наоѓа на местото на инвестицијата наведено во овој договор.

За повеќе информации за можностите кои ги нуди Програмата за финансиска поддршка во
рибарството и аквакултурата за 2025 година:

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Ул. Аминта Трети бр. 2

Телефон: 02/3134 - 477

Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството (најблиските регионални центри или работни единици)

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, бул. „ 3-та Македонска бригада" бр.20 (зграда на Македонија Табак блок Ц ) 1000 Скопје
Телефон: 02/ 3097-460
ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

Copyright © 2025

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

Ова Упатство е БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК наменет за потенцијалните корисниците на средствата од **Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година** во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на „Барањето за користење на средства".

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, бул. „ 3-та Македонска бригада" бр.20 (зграда на Македонија Табак блок Ц ) 1000 Скопје или

електронска верзија на пакетот за аплицирање на веб-адресата на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk